Врз основа на член 16 и 18 од Законот за Здруженија и Фондации (Сл.весник на Р.Македонија бр.52/10),Собранието на Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп,ретки болести и посебни потреби **ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА ,** на ден 13.10.2010 година го донесе следниот

# С Т А Т У Т

На Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп,
ретки болести и посебни потреби **ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА**

## 1/ ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

член 1

Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп,ретки болести и посебни потреби **ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА** од Скопје е невладина, непрофитабилна организација, формирана со доброволно здружување на граѓани.

член 2

Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп,ретки болести и посебни потреби **ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА** од Скопје е организација која нема за цел остварување на ниедна политичка организација,односно странка на било какви политички активности и обврски и таква нема да биде зачленета.

член 3

Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп,ретки болести и посебни потреби **ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА** има својство на правно лице со права,одговорности и обврски што ги има врз основа на Уставот и Законот.

член 4

Здружението се основа под називот **Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп,ретки болести и посебни потреби ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА** од Скопје.Седиште на Здружението е на ул.Ѓорги Димитров бр.13 ламела 2 локал 10 Скопје.

член 5

Печатот на Здружението е во округла форма со вообичаена големина, во него е испишан текст кој гласи: Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп,ретки болести и посебни потреби **ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА**.

Штембилот на здружението е во правоаголна форма со вообичаена големина а во него се внесени: името на Здружението, архивски број и место за датум.

член 6

За промена на називот и седиштето на Здружението одлучуваат основачите.

## 2/ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

член 7

Здружение на граѓани за лица со дисфункции, хендикеп,ретки болести и посебни потреби **ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА** од Скопје се формира за остварување на своите цели и задачи а имено основна цел и задача на Здружението е едукација на сите возрасни нивоа за развивање на човековите вредности, следење и сервисирање на лицата со посебни

потреби во подолг период, создавање референтна база на податоци за лицата со посебни потреби и воведување на етаблирани методи и збогатување на понуди од техники на третирање на одделни физички и ментални дисфукции во Република Македонија.
Други цели и задачи на Здружението се : креирање на листи на протокол за секоја поединечна категорија на болести, синдроми и слично, интерактивна страна за засегнатите и оние кои сакаат да добијат информации за проблемите со кои се соочуваат , нивните права Ннад институциите, терапии,светски центри, авторитети и линкови со советници кои волонтерски би биле достапни, едукација и усовршување преку семинари, конгреси и трибини на стручни лица кои работат со деца и возрасни со посебни потреби., залагање за подобрување на квалитетот на живеење на лицата и промена на моделот на комуницирање во насока на подобар квалитет.

**3/ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

член 8

Членовите на Здружението ги имаат следните права и должности:

- Активно да учествуваат во работата и одлучувањето
- Да бираат и да бидат бирани во органите и телата
- Да даваат предлози и примедби за работата и телата
- Други права кои им припаѓаат по основа Статутот
- Во Здружението се обезбедуваат еднакви права и одговорности

**4/ЧЛЕНУВАЊЕТО ВО И ПРЕСТАНОКОТ НА ЧЛЕНСТВОТО**

член 9

Член на Здружението може да биде секој граѓанин на Република Македонија без разлика на националната припадност кој доброволно ќе потпише пристапница во Здружението и треба да учествува во сите активности на Здружението, да ги спроведува и почитува одлуките на органите на Здружението.

член 10

Престанок на членството во Здружението настанува со грубо кршење на дисциплината, непочитување на одредбите на Статутот и други акти на Здружението. За престанок на членството во Здружението одлучува Извршниот орган на Здружението.

член 11

Органи на Здружението се:

-Собрание
-Извршен орган

**5/СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

член 12

Собранието е највисоко тело на Здружението кое го сочинуваат сите членови на Здружението.Собранието на Здружението бира Претседател,Потпретседател,Извршен орган и Надзорен орган со мандат од 4 години.Собранието се свикува по потреба а најмалку еднаш годишно.

член 13

Во надлежностите на Собранието е да:

- Донесува Статут, програма и други акти

- Усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај и го објавува на својата веб страница;
- Доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините,
- Одлучува за промена на целта на здружението;
- Усвојува завршна сметка и финансиски план;
- Одлучува за оснивање и укинување на други облици на здружување;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членство;
- Избира органи на Здружението;
- Одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство;
- Одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на други тела на Здружението;
- Врши други работи кои се во согласност со Статутот и општите акти на Здружението;
- Одлучува за Здружението и укинување на други облици на здружување со други организации и здруженија и за зачленување во сојузи и меѓународни организации чии програмски цели се совпаѓаат и надополнуваат со целите на Здружението.

член 14

Седница на Собранието свикува Претседателот на Собранието, а во случај на спреченост на претседателот да присуствува на седницата на Собранието, го заменува Потпретседателот или еден од членовите на Извршниот орган. Седницата на Собранието се свикува по предлог на Извршниот орган или 1/5 од вкупниот број на членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седница свикува Извршниот орган или иницијаторите.

Седницата на Собранието за работата на Извршниот орган може да свика и на предлог на Надзорниот орган. Начинот на свикување на седницата се определува со Деловник на работа.

член 15

Собранието може да работи ако на него присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на членови.Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните. На Собранието се одлучува со јавно гласање, секој член на Собранието има право на глас.

**6/ИЗВРШЕН ОРГАН НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

член 16

Собранието избира Извршен орган во кој мнозинството на членовите се државјани на Република Македонија. Тој се бира од редот на членовите на Собранието а брои 5 членови.

Извршен орган се бира на секој 4 години.Извршниот орган избира секретар и комисии. Извршниот орган одлучува на седниците кои се одржуваат по потреба. Своите одлуки Извршниот орган ги донесува со мнозинство на гласови од присутните членови.Извршниот орган за својата работа е одговорен пред Собранието. Извршниот орган покренува постапка за одговорност,разрешување и отповикување членови од органите и телата на Здружението. Извршниот орган ги отповикува членовите на телата кој тој ги формира,а член на Извршниот одбор го отповикува Собранието.

член 17

Извршниот орган ги има следните права,обврски и одговорности:

- Ги подготвува седниците на Собранието
- Го подготвува нацрт Статутот и други одлуки што треба да ги донесе Собранието
- Ја спроведува политиката на Здружението, заклучоците и одлуките донесени на Собранието
- Формира комисии и врши контрола врз нивните работи
- Управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението
- Врши и други работи

член 18

Според Законот за Здруженија и Фондации скратено има за Здружението е **ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА.**

член 19

Претседателот на Собранието го претставува и застапува Здружението во правниот промет и спрема трети лица, го свикува и претседава со седниците на Собранието и Извршниот орган.

Потписник е на актите што ги донесува Собранието и Извршниот орган и на финансовите документи на Здружението.

**7/МАТЕРИЈАЛНО И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

член 20

Здружението своите материјално-финансиски средства за извршување на програмски цели, задачи и активности ги обезбедува преку сопствени извори, донаторство, спонзорство, средства за дејности Министерство за здравство, Министерство за образование, Министерство за култура, Министерство за животна средина, Министерство за земјоделие, Министерство за наука преку плаќање чланарина од своите членови.

**8/ЕДУКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

член 21

Здружението во рамките на своите активности ќе организира семинари, конгреси и трибини на стручни лица кои работат со деца и возрасни со посебни потреби од областа на здравствената заштита, ,едукација и оспособување за работа на невработени,хендикепирани (семинари и курсеви од најразлични области со кои би им се помогнало на луѓето да обезбедуваат егзистенција).

**10/АКТИВНОСТ**

член 22

Организирање акции од хуманитарна природа (прибирање средства,организирање аукции,изложби,манифестации од чиј приход ќе се реализираат целите на Здружението).

Организирање на работилници преку кои ќе се реализираат целите на Здружението

Акции за заштита на правата на оваа категорија лица.

Организирање акции во согласност целите и создавање на можности за остварување на истите.

**11/ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

член 23

Работата на органите на Здружението е јавна.

Органите и телата на Здружението се должни да ги информираат своите членови потполно,вистинито и благовремено за нивната работа, односно донесените одлуки.

Претставниците на средствата за јавно информирање можат да присуствуваат на седниците на Собранието и на седниците на Органите и телата на Здружението.

**12/ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО СО РАБОТА**

член 24

Здружението престанува со работа со Одлука на Собранието и тоа кога за тоа одлучуваат членовите со двотретинско мнозинство.

Со одлука на Собранието имотот на Здружението преоѓа во сопственост на основачите,хуманитарни организации и поединци во хуманитарни цели според одлука на Извршниот орган.

**13/СРЕДСТВА НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ**

член 25

Здружението Дајте ни крилја може да остварува приходи и од добивката на трговските друштва што ги основале со средства на Здружението и од други извори.

член 26

Здружението според Законот за Здруженија и фондации можат да добиваат средства од Буџетот на Републиката, Буџетите на единиците на локалната самоуправа и Буџетот на град Скопје.

**14/ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

член 27

Одлука за изменување и дополнување на овој Статут донесува Собранието на Здружението.

Толкување на Статутот дава Собранието.

член 28

Овој Статут влегува во сила од неговото донесување а се применува од денот на добивање на Решение од надлежниот орган за регистрација на Здружението.

Основачи:

**Јасна Мандиќ**

**Ребека Јанковска-Ристески**

**Татјана Петрушевска**

**Маргарита Матлиевска**

**Роберт Мандиќ**

**Милан Ристески**